**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

**505.**

Врз основа на член 163 став 2 од Законот за воздухопловство (Службен весник на Република Македонија бр. 14/06, 24/07 и 103/08) директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ТРАЕЊЕТО НА НЕПРЕКИНАТАТА РАБОТА, ТРАЕЊЕТО НА СМЕНИТЕ И ДОЛЖИНИТЕ НА ДНЕВНИОТ ОДМОР НА КОНТРОЛОРОТ НА ЛЕТАЊЕ И ПОМОШНИКОТ НА КОНТРОЛОРОТ НА ЛЕТАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. „Оперативна должност”- е периодот во текот на кој контролорот на летање, односно помошникот на контролорот на летање реално ги користи правата од дозволата за контролор на летање/односно помошник на контролор на летање на оперативна позиција.
2. „Непрекината работа“ е непрекинат дел од оперативната должност во кој во секој час од работата биле извршени минимум четири операции со воздухоплови.

Член 3

Непрекинатата работа на контролорот на летање не може да трае подолго од три часа, односно подолго од два часа доколку контролата на воздушниот сообраќај се врши со помош на радар.

По исклучок од став (1) од овој член, непрекинатата работа на терминалниот радарски контролор на летање во текот на ноќната смена може да трае до три часа, но не повеќе од еднаш во текот на ноќната смена.

Непрекинатата работа на помошникот на контролорот на летање на оперативно работно место, не може да трае подолго од четири часа.

По исклучок од став 1 од овој член, надлежниот шеф на смена, непрекинатата работа може да ја продолжи за уште 60 минути поради ненадејно зголемување на обемот на сообраќајот или поради други непредвидливи околности.

Член 4

По непрекинатата работа од член 3 на овој правилник, на контролорот на летање треба да му се обезбеди одмор кој не може да биде пократок од 60 минути.

По исклучок од одредбите на став (1) од овој член, одморот на контролорот на летање може да биде пократок од 60 минути, но не пократок од 30 минути и тоа само еднаш во текот на работниот ден на контролорот на летање.

Одморот на помошникот на контролорот на летање не може да биде пократок од 30 минути.

За време на ноќната смена на контролорот на летање, односно помошникот на контролорот на летање треба да му се обезбеди најмалку еден непрекинат одмор во траење од најмалку три часа.

Член 5

Вкупното времетраење на оперативната должност на контролорот на летање во ноќна смена не може да изнесува повеќе од пет часа.

По исклучок од став 1 од овој член, шефот на смена може вкупното времетраење на оперативната должност на контролорот на летање во ноќна смена да го продолжи за 60 минути, поради непредвидено зголемување на обемот на сообраќајот или други непредвидени околности.

Член 6

Работата на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање се врши во смени кои меѓусебно се преклопуваат за период од минимум 15 минути. Една смена на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање не може да трае подолго од девет часа и триесет минути во текот на 24 часа.

Должината на сменската работа може да биде уредена и на друг начин со меѓусебен договор помеѓу работодавецот и синдикатот со тоа што должината на смената не може да изнесува помалку од шест часа и не подолго од 12 часа.

По исклучок од став 1 од овој член, во случај на вонредни непредвидени околности, смената на контролор на летање или помошник на контролор на летање може да трае и подолго од девет часа и триесет минути, но не подолго од 12 часа.

Член 7

Дневниот одмор на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање по завршување на било која дневна смена треба да изнесува најмалку 12 часа.

Дневниот одмор на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање по завршување на ноќната смена треба да изнесува најмалку 23 часа.

Член 8

Со меѓусебен договор помеѓу работодавецот и синдикатот, на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање може да му се утврди и детално пропише обврска да биде достапен на работодавачот и по потреба да биде повикан на работа (задолжителна приправност).

Задолжителната приправност може да изнесува најмногу пет смени месечно.

Член 9

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за траењето на смените, траењето на непрекинатата работа и должината на дневниот одмор на контролорот на летање и помошникот на контролорот на летање (Службен лист на СФРЈ број 6/89 и 40/89).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Бр. 03-413/1
10 февруари 2009 година
Скопје

в.д. Директор,
**Зоран Крстевски,** с.р.